Уп. бр. 08-125

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија доставено преку полномошник Адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 26.10.2022 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне самостојна контрола над ДЦО, друштво за развој на проекти д.о.о. со регистрирано седиште на Леталишка цеста 33, 1000 Љубљана, Словенија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 21.09.2022 година, а дополнето на ден 26.09.2022 година и 03.10.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија со која АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о ќе стекне самостојна контрола над ДЦО, друштво за развој на проекти д.о.о. со регистрирано седиште на Леталишка цеста 33, 1000 Љубљана, Словенија, преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**- АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о..** е управител на алтернативни инвестициски фондови регистрирани во Агенцијата за пазар на хартии од вредност на Словенија. АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о анализира (потенцијални) инвестиции и управува со инвестициски фондови, додека самото управување со инвестициите е делумно пренесено на други друштва. АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови управува со Алфи РЕ, СИС, кој е основан под називот АЛФИ РЕ, Специјален инвестициски фонд со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија.

Алфи Групата има регистрирано зависни друштва во Северна Македонија:

- ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. Христо Татарчев 121-Г, Кисела Вода, Скопје, друштво специјализирано во наплата на долгови по вонсудски пат главните активности на ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје се наплата и откуп на побарувања и
- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, кое е активно со продажба на големо на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца.

**- ДЦО, друштво за развој на проекти д.о.о**. е сопственик на недвижен имот кој се наоѓа на адресата Дунајска цеста 155-157, 1000 Љубљана, Словенија што претставува градежна парцела во Љубљана, Словенија каде што се гради деловна зграда која се состои од приземје, два (2) подземниката и седум (7) ката над земјата. Овој имот првенствено ќе се користи за канцелариски и комерцијална употреба.

ДЦО, друштво за развој на проекти д.о.о. не е присутно, ниту пак воопшто остварува приходи во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**